## РЕЗИМЕ

Сведоци сме дека во услови на работење на нашата транзициона економија некогашниот начин на работа на јавниот сектор во кој се промовираше конкуренцијата меѓу вработените, почнува постепено да се менува и заменува со современи техники на работа кои вклучуваат ефикасни тимови, коишто, можат да одговорат на предизвиците. Во тој контекст, нивната актуелност уште повеќе расте и се нагласува особено поради нивната улога како решавачки фактор насочен кон подобрување на целокупниот организациски концепт во организациите на локалната власт.

Во согласност на ова, интересот на нашата дисертација е насочен кон јавниот сектор во Република Македонија, поточно во неа е претставен начинот на реализација на концептот на тимска работа во организациските единици на локалната власт со акцент на дефинирањето на клучните детерминанти на тимската успешност.

Всушност, целта на дисертацијата е дизајнирање и креирање теориски модел на тимска успешност што ќе допринесе во разбирањето на феноменот на тимска работа и тимската ефикасност, факторите коишто влијаат врз неа, но, и директно ќе ја тестира употребната вредност на начините, методите и моделите за нејзино мерење.


**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ**: тимска работа, јавна администрација, фактори и модел на тимска успешност

## Abstract

The present conditions of work of our transitional economy that we're facing, impacts on former modus operandi of public sector (which promoted competition among employees), and gradually begins to change and replace with modern working techniques that include effective teams that can respond to the challenges. In that context, their importance still growing and emphasized especially because of their role as a decisive factor aimed at improving the overall organizational concept in the organization of local government.

According to this, the interest of our dissertation is focused on the public sector in the country, particularly in the way it is presented to the realization of the concept of teamwork in the organizational units of local government with an emphasis on defining the key determinants of team success.

In fact, the aim of the dissertation is designing and creating a theoretical model of team success that will help in understanding the phenomenon of teamwork and team effectiveness, factors that affect it, but also directly test the use value of the means, methods and models of its measurement.

Keywords: teamwork, public administration, factors and model of team performance